Ред. број 12 Организациско учење за одржлив развој

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од втор циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Организациско учење за одржлив развој | | | |
| 2. | Код | БАС-22ОУОР | | | |
| 3. | Студиска програма | Стратегиски менаџмент за одржлив развој | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | прва | Семестар | втор |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Виш пред. м-р Биљана Галовска | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | **Цели на предметната програма:**<br>• Развива концептот на организација која учи и неговото значење за организациската адаптација, иновации и конкурентност;<br>• Ги применува петте дисциплини на учење (лично мајсторство, ментални модели, заедничка визија, тимско учење и системско размислување) како основа за организациска трансформација;<br>• Унапредува вештини за поставување на лични и професионални цели, континуирано учење, мотивација и ангажираност во работна средина;<br>• Развива способности за критичко размислување и идентификација на сопствени и организациски ментални модели кои влијаат на процесите на учење;<br>• Гради лидерски пристап во создавање и комуникација на заедничка визија која инспирира и обединува различни нивоа во организацијата;<br>• Поттикнува колективно учење и тимска синергија преку ефективна комуникација, доверба и отвореност во тимовите;<br>• Применува системски пристап за анализа и решавање на комплексни организациски проблеми и препознавање на причинско – последични врски;<br>• Интегрира принципи на одржлив развој, зелено менаџирање и корпоративна одговорност во организацискиот контекст;<br>• Поврзува теоретски концепти со практични примери преку анализа на студии на случај од организации кои учат.<br><br>**Резултати од учењето:**<br>По успешното завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да: | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Студентите ќе ги разберат основните принципи на организацијата која учи, ќе го разберат значењето на организациското учење како стратегија за адаптирање и развој на конкурентска предност.<br>• Студентите ќе научат како да ги применат петте дисциплини: Лични мајсторства, Ментални модели, Заедничка визија, Тимско учење и Системско размислување, во контекст на организациско учење и континуиран развој<br>• Студентите ќе бидат во можност да развијат и применуваат вештини за континуирано учење во својот професионален и личен живот, како и да постават и остварат лични цели и да се посветат на самоусовршување.<br>• Студентите ќе научат како да поттикнат лична мотивација и ангажираност кај вработените во организацијата, како и како да создадат мотивирачки амбиент за континуирано учење.<br>• Студентите ќе се запознаат со концептот на ментални модели и нивната улога во учењето, ќе научат како да применуваат критичко размислување за сопствените претпоставки и да го унапредат учењето преку менување на менталните модели.<br>• Студентите ќе научат како да создадат визија која инспирира и обединува сите нивоа на организацијата, ќе го разберат значењето на лидерството во дефинирањето и комуницирањето на визијата.<br>• Студентите ќе ја разберат важноста на тимското учење, како дијалог и дискусија можат да се користат како методи за подобрување на тимските перформанси, и ќе научат како да развиваат доверба и отвореност во тимовите.<br>• Студентите ќе научат како да применат системско размислување за анализа на комплексни организациски проблеми и да препознаат причинско-последичните врски кои влијаат на организациските процеси.<br>• Студентите ќе ги разберат принципите на зелено менаџерство и корпоративна одговорност, како и нивната примена во создавањето на одржливи бизнис практики кои поддржуваат долгорочен развој и конкурентност. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | ПОГЛАВЈЕ 1: ТЕМА 1: ВОВЕД ВО ОРГАНИЗАЦИЈА КОЈА УЧИ<br>1.1. Концептот на организација која учи<br>1.2. Значење на организациското учење<br>1.3. Петте дисциплини како основа за континуирано учење според Сенге<br>1.4. Влијанието на глобалните промени врз организациското учење<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе го разберат концептот на организациско учење, ќе научат што претставува организацијата која учи и како организациите можат да создадат култура на континуирано учење. Студентите ќе ја разберат важноста на организациското учење како механизам за приспособување и зајакнување на конкурентската* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *предност. Студентите ќе бидат во можност да ги разјаснат петте дисциплини на Питер Сенге за континуирано учење, вклучувајќи: Лични мајсторства, Ментални модели, Заедничка визија, Тимско учење, Системско размислување. Студентите ќе разберат како глобалните промени, влијаат на потребата за организациско учење. Тие ќе научат како организациите можат да се адаптираат на овие промени преку учење и иновација во своите процеси, производи и стратегии.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 2: ЛИЧНО МАЈСТОРСТВО (PERSONAL MASTERY)<br>2.1. Индивидуалниот развој како основа на организациското учење<br>2.2. Развој на вештини за континуирано учење<br>2.3. Самосвест, јасни лични цели и самоусовршување<br>2.4. Поттикнување на лична мотивација и ангажираност кај вработенит<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе разберат како индивидуалниот развој е основа за организациското учење и успех. Ќе развијат вештини за континуирано учење и примена во личниот и професионалниот живот. Ќе научат како да постават јасни лични цели и како да се посветат на самоусовршување и ќе разберат како да поттикнат лична мотивација и ангажираност кај вработените во организацијата.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 3: МЕНТАЛНИ МОДЕЛИ (MENTAL MODELS)<br>3.1. Улогата на менталните модели во процесот на учење<br>3.2. Свесност и критичко размислување за сопствените претпоставки<br>3.3. Како менталните модели можат да го забрзаат или блокираат учењето<br>3.4. Техники за менување и унапредување на менталните модели<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе ја разберат улогата на менталните модели во процесот на организациско учење и развој. Ќе научат како да станат свесни за своите ментални модели и да применуваат критичко размислување за сопствените претпоставки. Студентите ќе ја разберат важноста на менталните модели во забрзување или блокирање на учењето во организацијата. Студентите ќе се запознаат со техники за менување и унапредување на менталните модели, со цел подобрување на организациското учење.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 4: СПОДЕЛЕНА ВИЗИЈА (SHARED VISION)<br>4.1. Важноста на визијата за учење и иновации во организацијата<br>4.2. Создавање визија која инспирира и обединува<br>4.3. Улогата на лидерството во дефинирање и комуницирање на визијата<br>4.4. Како да се вклучат сите нивоа на организацијата во градење на заедничка визија<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе ја разберат важноста на визијата за учење и иновации како основа за организациски раст и развој. Ќе научат како да создадат инспиративна и обединувачка визија која ќе го води* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *тимот и организацијата. ќе ја разберат улогата на лидерството во дефинирањето, комуницирањето и имплементацијата на визијата. Студентите ќе научат како да го вклучат целиот персонал на сите нивоа во организацијата за изградба на споделена визија и постигнување на заеднички цели.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 5: ТИМСКО УЧЕЊЕ (TEAM LEARNING)<br>5.1. Колективна интелигенција и синергија во организациите<br>5.2. Дијалог и дискусија како методи за тимско учење<br>5.3. Развој на доверба и отвореност во тимовите<br>5.4. Како да се елиминираат комуникациските бариери во тимовите<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе ја разберат важноста на колективната интелигенција и синергијата во тимовите за постигнување на високи организациски перформанси. Ќе научат како дијалогот и дискусијата можат да се користат како методи за подобрување на тимското учење и решавање на проблеми. Студентите ќе ја разберат потребата од развој на доверба и отвореност во тимовите за создавање продуктивна и креативна работна средина. Студентите ќе научат како да ги идентификуваат и елиминираат комуникациските бариери во тимовите за подобра соработка и ефикасност.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 6: СИСТЕМСКО РАЗМИСЛУВАЊЕ (SYSTEMS THINKING)<br>6.1. Концептот на системско размислување според Сенге<br>6.2.Како да се анализираат комплексни проблеми преку системски пристап<br>6.3. Препознавање на причинско-последичните врски<br>6.4.Примена на системско размислување за стратешки менаџмент.<br><br>***Резултати од учење:*** *Студентите ќе го разберат концептот на системско размислување според Сенге и неговата примена во организациското учење. Ќе научат како да анализираат комплексни проблеми преку системски пристап и да ја идентификуваат нивната поврзаност со другите елементи на системот. Студентите ќе научат како да препознаваат причинско-последичните врски во организациските процеси и да ги применуваат за решавање на проблеми. Ќе разберат како системското размислување може да се примени во стратегискиот менаџмент за подобрување на одлуките и долгосрочната стабилност на организацијата.*<br>ПОГЛАВЈЕ 7: ОРГАНИЗАЦИЈА КОЈА УЧИ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ<br>7.1. Врската помеѓу организациското учење и одржливиот развој<br>7.2. Зелено менаџерство и корпоративна одговорност<br>7.3. Како учечките организации го поддржуваат долгорочниот развој.<br><br>***Резултати од учење:*** *Студентите ќе ги разберат врските помеѓу организациското учење и одржливиот развој.Студентите ќе научат за принципите на зелено менаџерство и корпоративна одговорност, како и нивната примена во создавањето на одржливи бизнис практики. Студентите ќе го разберат процесот на поддршка* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *на долгорочниот развој од страна на учечките организации и како тие влијаат на нивната конкурентност и одржливост.* | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | нема | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики.<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици.<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за современиот менаџмент и организациското учење. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 162 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | / |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 15 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 45 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 42 |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17. | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Присуство и активност | | 30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 50 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | • Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>• Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>• Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>• Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>• Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Галовска Б. | Оргнизациско учење за одржлив развој (компендиум) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | 2025 |
| | | 2. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Senge M. P. | "The Fifth Discipline: 20th Anniversary Edition" | Doubleday | 2010 |
| | | 2. | William R. Agresti, Patrick P. O’Dwyer | The Age of the Learning Organization" | CRC Press | 2015 |
| | | | | | | |